**Картичка за пациентот**

**Руфиксало 2,5 mg филм-обложени таблети**
**Руфиксало 10 mg филм-обложени таблети**
**Руфиксало 15 mg филм-обложени таблети**
**Руфиксало 20 mg филм-обложени таблети**

- Носете го постојано со себе овој дел од упатството.
- Покажете му го овој дел од упатството на секој доктор или на секој стоматолог пред каков било третман

**Јас сум на антикоагулантна терапија со Руфиксало (rivaroxaban)**
Име:
Адреса:
Датум на раѓање:
Телесна тежина:
Други лекови/заболувања:

**Во итен случај Ве молиме наведете:**
Име на докторот:
Телефон на докторот:
Печат на докторот:

**Ве молиме да ги наведете и следните податоци за контакт лице во случај на итност:**

Име:
Телефон:
Поврзаност:

**Информација за здравствениот работник:**

- INR-вредностите не треба да се користат бидејќи тие не се адекватна мерка за антикоагулантната активност на лекот Руфиксало.

**Што треба да знам за лекот Руфиксало?**

- Руфиксало ја спречува коагулацијата на крвта, со што Ве заштитува од опасни крвни коагулуми (тромби).
- Руфиксало мора да се зема точно онака како што Ви препорачал Вашиот доктор. За да обезбедите оптимална заштита од појава на крвни тромби, **никогаш не ја пропуштајте дозата**.
- Консултирајте се со Вашиот доктор пред да го прекинете земањето на лекот Руфиксало бидејќи на тој начин го зголемувате ризикот од појава на крвни тромби.
- Информирајте го Вашиот доктор ако употребувате, ако неодамна сте употребувале или ако треба да употребувате некој друг лек пред да започнете да го земате лекот Руфиксало и пред која било хируршка интервенција или инвазивна процедура.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • AGJENCIA BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE • SHKUP • СКОПЈЕ

**Кога треба да побарам совет од мојот доктор?**

При земањето лекови што ја спречуваат коагулацијата на крвта, како што е лекот Руфиксало, важно е да бидете свесни за можните несакани дејства. Најчесто несакано дејство на лекот е крвавење. Не го употребувајте лекот Руфиксало ако постои ризик од крвавење, без претходно да се консултирате со Вашиот доктор.

Јавете се веднаш кај Вашиот доктор ако забележите знаци или симптоми на крвавење како што се:

- болка;
- оток или непријатност;
- главоболка, вртоглавица или слабост;
- невообичаени модринки, крвавење од носот, крвавење на непцата, крвавење од исеченици на коишто им е потребно подолго време за да се засират;
- потешко менструално или вагинално крвавење од нормалното;
- розова или кафена обоеност на урината, црвена или црна обоеност на изметот;
- искашлување крв или повраќање крв или содржина којашто личи на талог од кафе.

**Како да го употребувам лекот Руфиксало?**

- За да обезбедите оптимална заштита, филм-обложените таблети Руфиксало од 2,5 mg земајте ги со или без храна.
- За да обезбедите оптимална заштита, филм-обложените таблети Руфиксало од 10 mg земајте ги со или без храна.
- За да обезбедите оптимална заштита, филм-обложените таблети Руфиксало од 15 mg мора да ги земате со храна.
- За да обезбедите оптимална заштита, филм-обложените таблети Руфиксало од 20 mg мора да ги земате со храна.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ